КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**

www.kbprvo.com.mk



# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

**Јуни 2023**

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е
Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
**www.mapas.mk** **02/3224-229**

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

И покрај ставовите за каматните стапки од страна на централните банки со цел справување со инфлацијата, во текот на јуни 2023 година беше забележан пораст кај сите берзански индекси од извештајот. При што, како причина се јавуваат показателите за американската економија и развојот на технолошките компании и вештачката интелигенција.

Глобалниот индекс MSCI ACWI забележа пораст од 5,64% во текот на јуни 2023 година, кој од почетокот на годината изнесува 12,80%. Од регионалните индекси, најголем пораст за месецот има остварено S&P 500, кој ги опфаќа американските акции, изнесувајќи 6,47%, како и најголем пораст од почетокот на годината од 15,91%. Најмал принос во претходниот месец е остварен од страна европските акции прикажани преку индексот STOXX 600, кој изнесува 2,25% и од почетокот на година е со 8,72%. Најмал принос од почетокот на 2023 година бележи индексот MSCI Emerging Market во кој се вклучени акциите од брзорастечките економии и земји во развој и изнесува 3,46%.




**MSCI Asia - Pacific -** Индекс што ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија-Пацифик

**MSCI Emerging Market -** Индекс што ги следи движењата на акциите во 24 земји во развој

**STOXX 600 -** Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)

**S&P 500 -** Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација

**MSCI ACWI -** Светски индекс на акции што ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊЕ НА ИНДЕКСОТ МБИ 10

Во текот на јуни 2023 година, домашниот берзански индекс МБИ-10 забележа пад на вредноста за 2,20%, додека од почетокот на годината сѐ уште е со позитивен принос од 1,08%. Најголем пораст остварија акциите на Македонски Телеком, кој изнесуваше 1,76%, додека речиси сите други што се дел од индексот имаа пад на вредноста. Најголем пад бележат акциите на НЛБ банка кој достигна 9,54% во текот на изминатиот месец. Од почетокот на годината, најголем пораст постои кај Уни банка, изнесувајќи 28,57%, а со најголем пад од 9,86% е Гранит.




*Извор: Блумберг*



# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Инфлацијата продолжува да биде приоритет на централните банки во светот, бидејќи сè уште се споменуваат зголемувања на каматните стапки уште неколку пати до крајот на годината. Во поглед на стапките на принос на десетгодишните државни обврзници, со најголема стапка е македонската обврзница, која изнесува 6,38%, додека со најмала стапка на принос е јапонската обврзница, која изнесува 0,40%.

**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**




** Приносот се однесува на евро обврзница со датум на доспевање со 03.10.2028.*
*Извор: Блумберг*



# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во текот на јуни 2023 година, за разлика од месецот претходно, сите од долунаведените валути остварија пад на вредноста во однос на еврото (EUR), освен австралискиот долар (AUD), чиј пораст изнесуваше 0,41%. Најголем пад во текот на јуни забележа руската рубља, кој достигна 10,43%, која исто така има и најголем пад од почетокот на годината, изнесувајќи 18,25%. Најголем пораст на вредноста од почетокот на 2023 година бележи британската фунта, кој изнесува 3,03%.






*Извор: Блумберг*